Уп. Бр. 08-11

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Нетцетера Гроуп АГ (Netcetera Group AG) со регистрирано седиште на ул. Ципрессенштрасе 71, Цирих, Швајцарија, преку Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје, на седницата одржана на ден 11.01.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Нетцетера Гроуп АГ (Netcetera Group AG) со регистрирано седиште на ул. Ципрессенштрасе 71, Цирих, Швајцарија стекнува целосна контрола над Камино ДОО со регистрирано седиште на ул. Дунајска цеста бр.22, Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 16.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Нетцетера Гроуп АГ (Netcetera Group AG) со регистрирано седиште на ул. Ципрессенштрасе 71, Цирих, Швајцарија, со која Нетцетера Гроуп АГ Цирих, Швајцарија се стекнува со целосна контрола над Камино

ДОО, со регистрирано седиште на ул. Дунајска цеста бр.22, Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Нетцетера Гроуп АГ** нуди услуги на информатичко општество и развој на дигитални производи. Нетцетера Гроуп АГ е софтверска компанија основана во 1996 година со седиште во Цирих, Швајцарија. Главната понуда која Нетцетера ја нуди на пазарот на корисниците е развој на информатичка технологија (ИТ) со различни ИТ услуги и продукти и софтверски решенија, особено во областа на финансиската индустрија (вклучувајќи ги и услугите во врска со онлајн трансакции), но и транспорт индустријата, медиумите како и здравствениот сектор.

Нетцетера Гроуп АГ е присутна на пазарот во Република Северна Македонија:
- како единствен основач со учество од 100% во Нетцетера ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Ул. Партизански Одреди бр. 72 А, 1000 Скопје и предмет на работење компјутерско програмирање.
- како содружник со учество од 30% во Блокверс ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Ул. Анкарска бр. 18/1 А, 1000 Скопје и предмет на работење компјутерско програмирање.

**Камино ДОО** е софтверска компанија, основана во 2015 година во Љубљана, Словенија. Компанијата е главно фокусирана на креирање и развој на мобилни апликации во финтек областа; за потребите при мрежно поврзување на интернет (Internet of Things “IoT”); во областа на дигиталните идентитети и во областа на медицинската технологија.

Камино ДОО, покрај специјализираноста да испорача индивидуално нарачани продукти, во својата понуда нуди и целосна поддршка на корисниците, од моментот на формирање на идеата за мобилната апликација до моментот на активирање и пласирање на апликацијата.

Камино ДОО нема присуство на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите*

*во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**